## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Скопје

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува



| Примено: | 30-12-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6752 | 1 | |



### ИЗВЕШТАЈ ОД НАДЗОРОТ НАД ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016 ЗА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ НА РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Извештајот се однесува на телевизиските програмски сервиси на регионално ниво што емитуваат програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и на радијата и телевизиите на локално ниво кои беа дел од примерокот за мониторинг за време на Предвремените парламентарни избори 2016 година. Извештајот го опфаќа периодот на изборна кампања од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Презентирани се информации за изборното медиумско претставување во централната дневно-информативна емисија, во посебните информативни емисии и други програми во кои се третираат теми поврзани со изборите или во кои учествуваат политички субјекти, учесници во изборниот процес, кои се релевантни за оценката дали радиодифузерите обезбедиле правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборниот процес во својата вкупна програма. Платеното политичко рекламирање што го емитуваа овие радиодифузери ќе биде претставено во посебен преглед. За делот на вестите нема егзактни податоци, затоа што Агенцијата не располага со снимки од програмите на овие медиуми, а сите презентирани податоци се врз основа на мониторингот што го вршеа ангажираните надворешни соработници од своите домови.

***Регионални медиуми***

---

#### ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА ИРИС ДОО ШТИП

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д3 - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово) на подрачјето на Изборна единица бр.3.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 21 часот, но вестите поврзани со изборите траеја помалку од 10 минути и не се емитуваа секој ден. Оттаму, не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, телевизијата емитуваше две дебатни емисии „Отворено 24", преземени од ТВ 24 Вести. Во емисијата емитувана на 01.12.2016 гости беа претставници од Демократска партија на Турците на Македонија и од Сојузот на Ромите од Македонија. Се разговараше за состојбите во Македонија и за коалицирањето со поголемите партии. Во емисијата на 03.12.2016 гости беа Дарко Алексов од граѓанската асоцијација МОСТ, Слаѓана Тасева - Транспаренси интернешенел, Џабир Дерала - основач на ЦИВИЛ и Самоил Малчески, професор, а се говореше за финансирање на партиите за време на кампањите. Во емисијата со изјави се вклучија и Александар Кирацовски - дополнителен заменик министер и Марта Арсовска Томовска - министерка од Министерството за информатичко општество и администрација. Истата емисија е репризирана на 05.12.2016.

Во периодот од 24 ноември до 9 декември 2016, телевизијата емитуваше повеќе интервјуа со политичари, учесници во изборниот процес и други субјекти, преземени од *Отворено 24, Радио Слободна Европа* и *Гласот на Америка.* Интервјуата беа со: претседателот на партијата на Власите во РМ Мите Костов; Стево Пендаровски од СДСМ; Тимчо Муцунски, претставник од Унијата на младите на ВМРО ДПМНЕ; претседателот на ДИК, Александар Чичаковски; носителот на листа во ИЕ3 од Коалицијата за промени и правда, Весна Стојменовска; Јове Кекеновски, Коалиција за промени и правда; Ѓонул Бајрактар од Демократска партија на Турците; Павле Трајанов од Демократски сојуз; Стојанче Ангелов од Достоинство; Ивон Величковски од Либерална партија; Љубчо Георгиевски од ВМРО Народна партија; Никола Спасов од агенцијата Рејтинг; носителот на листа во ИЕ3 од партијата Левица, Марија Џонс; министерот за транспорт и врски, Владо Мисајловски; Горан Милевски од Либерално демократската партија; Бојан Бочварски, кандидат за пратеник од СДСМ; Фијат Цановски од партијата ПЕИ; кандидатот за пратеник од ВМРО ДПМНЕ, Никола Мицевски; Здравко Савевски од Левица; и со претседателот на СДСМ, Зоран Заев.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ-СТАР ДОО ШТИП

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д3 - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово) на подрачјето на Изборна единица бр.3.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен појас беше во 17 часот, но вестите поврзани со изборите траеја помалку од 10 минути и не се емитуваа секој ден. Оттаму, не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, телевизијата емитуваше две дебатни емисии „Отворено 24", преземени од ТВ 24 Вести. Дебатите се емитуваа на 22 ноември и на 6 декември 2016. Првата беше со Петрит Сарачини – новинар, Владимир Божиновски - универзитетски професор и Никола Спасов - директор на агенцијата Рејтинг, на тема изборни случувања. Втората беше за финансирањето на изборните кампањи со Слаѓана Тасева - Транспаренси интернешенел, Малчески Самоил - универзитетски професор, Џабир Дерала - ЦИВИЛ, и Дарко Алексов - граѓанска асоцијација МОСТ. Во емисијата со изјави се вклучија и

Александар Кирацовски - дополнителен заменик министер и Марта Арсовска Томовска - министерка од Министерството за информатичко општество и администрација.

Во периодот на изборната кампања, на 27.11.2016, телевизијата емитуваше едно интервју и тоа со министерот за надворешни работи Никола Попоски, за изборите и за глобалната политичка состојба во Македонија.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА КОБРА ДОО РАДОВИШ

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д4-Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија), на подрачјето на Изборната единица бр.4.

*Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период е направена анализа врз четиринаесет изданија на дневно-информативната емисија во 17 часот и 40 минути. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 1 час 40 минути и 7 секунди, што е под методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување.

*Посебни информативни програми*

Емитувана е само една дебатна емисија. На 6 декември, во 20 часот и 15 минути, во емисијата *Отворено за...* гостуваа: Милевка Ѓоргиева - Коалиција предводена од СДСМ, Столе Лазаров - Коалиција за промени и правда и Ристо Пецев, Коалиција ВМРО за Македонија. Водителот најави дека бил поканет и претставник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, кој го откажал учеството.

ТВ Кобра емитуваше 5 интервјуа со претставници на партии и коалиции учесници на Предвремените парламентарни избори.

На 29 ноември во 21 часот во емисијата *Отворено за...* емитувано е интервју со Митко Николов, Левица.

На 3 декември во 20 часот и 45 минути во *Отворено за...* емитувано е интервју со Слободан Богоевски, носител на листа во ИЕ4 на Коалицијата за промени и правда.

На 4 декември во 20 часот и 50 минути во *Отворено за...* емитувано е интервју со Љубчо Димовски, генерален секретар на СПМ и претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

На 7 декември во 21 часот во емисијата *Отворено за...* емитувано е интервју со Љубчо Георгиевски, претставник на Коалицијата ВМРО за Македонија и носител на листа во ИЕ4. Истиот ден во 22 часот емитувано е уште едно интервју со Ѓунел Бајрактар од Демократска партија на Турците, дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

## ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА РАДИОДИФУЗИЈА ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ СТРУМИЦА

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д4-Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија), на подрачјето на Изборна единица бр.4.

*Дневно-информативни емисии*

Направена е анализа на седумнаесет изданија на централната дневна информативна емисија што се емитува во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 3 часа, 9 минути и 19 секунди.

Телевизијата ја покриваше изборната кампања преку информации од митинзи, прес конференции, средби со граѓани, а емитуваше и изјави од кандидатите за пратеници. Доминантно беше фокусирана на

кампањските активности на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Коалицијата предводена од СДСМ. Регистрирани се и неколку прилози во кои субјекти беа Коалицијата за промени и правда и Левица.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, телевизијата емитуваше една дебатна емисија „Отворено 24", преземена од ТВ 24 Вести, и тоа на 2 декември 2016. Гости беа носителите на листи во изборната единица бр. 4 - Зоран Заев, Коалиција на СДСМ; Слободан Богоевски, Коалиција за промени и правда; Љупчо Георгиевски, Коалиција ВМРО за Македонија и Митко Николов, Левица. Поканети биле, но не одговориле на поканата и Никола Груевски, Коалиција на ВМРО ДПМНЕ, Неџати Јакупи, Демократска унија за интеграции и Даница Јованова, Либерална партија.

Во рамки на емисијата „Вис а Вис", на 6 и на 9 декември, телевизијата емитуваше две интервјуа: со Слободан Богоевски, од Коалицијата за промени и правда и со Костадин Костадинов, од Коалицијата на СДСМ. Интервјуата беа за изборите и очекувањата од изборниот процес.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕКАНАЛ А1 ДООЕЛ СТРУМИЦА

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д4-Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија), на подрачјето на Изборна единица бр.4.

*Дневно-информативни емисии*

Централната дневно-информативна емисија беше во 20 часот, но прилозите поврзани со изборите траеја кратко и не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, на овој медиум беа емитувани 11 интервјуа, сите во рамки на емисијата „Отворено студио".

На 22 ноември, со почеток во 17 часот, беше емитувано интервју со министерот за земјоделство, Михаил Цветков, на тема: „Земјоделството во југо-источниот регион".

На 25 ноември, со почеток во 17 часот и 15 минути, се емитуваше интервју со Митко Николов, носител на листа за пратеници во ИЕ 4 од партијата Левица. Гостинот ја претстави програмата на партијата и зборуваше за очекувањата од изборниот процес.

На 26 ноември, во 17 часот и 15 минути, гостин беше Ристо Пецев од Коалицијата ВМРО за Македонија. Темата беше: „Моменталната состојба на политичката сцена и презентирање на главните насоки на Коалицијата".

На 29 ноември, во 17 часот и 15 минути, беше емитувано интервју со Стефче Јакимовски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Се разговараше за Предвремените парламентарни избори, очекувањата од нив, како и за мислењето на гостинот за ставовите на лидерот на опозицијата, Зоран Заев.

Интервјуто со Ивон Величковски од Либералната партија, беше емитувано на 30 декември, со почеток во 17 часот и 20 минути. Темите на разговорот и во ова интервју беа поврзани со очекувањата од Предвремените парламентарни избори, како и за работничките права и економијата во Македонија.

На 1 декември, со почеток во 17 часот и 15 минути, гостуваше претседателот на МААК, Страшо Ангеловски. Тема беа изборите и очекувањата.

На 2 декември во 17 часот и 30 минути, гостуваше Љупчо Димовски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, на теми поврзани со земјоделството и производството во регионот Д4.

На 3 декември, со почеток во 17 часот и 30 минути, гостуваше Иван Стоилковиќ од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Темата беше: Очекувања од изборите, изборната кампања, искуства и ставови за политичката состојба во земјата.

На 6 декември, со почеток во 17 часот и 30 минути, се емитуваше интервју со Коста Костадинов, кандидат за пратеник од Коалицијата предводена од СДСМ, во кое повторно се дискутираше за изборната кампања како и за очекувањата и можните резултати од Предвремените парламентарни избори.

На 8 декември, Владимир Пешевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, гостуваше во емисијата „Отворено студио", во 17 часот и 30 минути. Гостинот говореше за програмата „Реално" на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, за невработеноста и странските инвестиции во земјата, а ја коментираше и програмата на Коалицијата предводена од СДСМ.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ СТУДИО ТЕРА МАНГОВСКИ ЗОРАН БИТОЛА ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д5-Пелистер (Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница), на подрачјето на изборните единици бр.4, 5 и 6.

*Дневно-информативни емисии*

Мониторинг за известувањето во дневно-информативните емисии беше направен врз петнаесет изданија на информативниот блок Актуел во 17 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 2 часа 25 минути и 10 секунди.

Медиумот главно известуваше за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Коалицијата предводена од СДСМ. Ги покриваше нивните митинзи, средби со граѓани и емитуваше изјави на кандидатите за пратеници. Во помал обем известуваше за кампањските активности на другите политички партии (ДУИ, Левица и ДПА), а информираше и за активностите на ДИК и граѓанските здруженија кои го следеа изборниот процес.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ ПРИЛЕП

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д5-Пелистер (Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница), на подрачјето на изборните единици 4, 5 и 6.

*Дневно-информативни емисии*

Мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии е направен врз 18 изданија на емисијата Вести во 18 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 2 часа 59 минути и 33 секунди. Телевизијата известуваше само за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Коалицијата предводена од СДСМ. Немаше информации за активностите на другите политички партии и коалиции, учесници на Предвремените парламентарни избори. Во помал обем медиумот известуваше и за активности на Локалната самоуправа, а еден прилог беше посветен на посетата на европарламентарци на Прилеп.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ М АРНАУДОВ МИХАЈЛО ОХРИД ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, во регионот Д6-Мали Влај (Охрид, Струга, Вевчани, Дебарца), на подрачјето на изборната единица бр.5.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 22 часот, но обемот на информации од кампањата беше помал од методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, на овој медиум беа емитувани 8 дебатни емисии.

На 1 декември со почеток во 17 часот и 40 минути дебатираа носители на пратенички листи од петтата изборна единица: Радмила Шекеринска, Коалиција предводена СДСМ; Александар Делов, Коалиција за промени и правда и Здравко Савевски, Левица.

На 2 декември, со почеток во 17 часот и 40 минути, дебатата беше на тема: „Колку политичките програми ќе допринесат за добивање на Предвремените парламентарни избори?" во која гости беа: Мишел Наумовски од Коалицијата предводена од СДСМ и Јоне Станковски од Коалицијата ВМРО за Македонија.

Дебатната емисија со наслов: „Кој финансира? Од каде се милионските суми кои се трошат за кампањите?", во која гостуваа Слаѓана Тасева-Transparency International Macedonia, Дарко Алексов-Мост и Џабир Дерала-Цивил, се емитуваше на 4 декември, со почеток во 18 часот и 10 минути.

На 5 декември, со почеток во 17 часот и 45 минути, во дебатната емисија гостуваа Томислав Тунтев од Коалицијата предводена од СДСМ и Ванчо Костовски од Коалицијата ВМРО за Македонија. Темите за кои се дискутираше се однесуваа на непојавувањето на членовите на ВМРО ДПМНЕ на јавните дебати, и презентирањето на деловите од програмите на двете коалиции поврзани со охридскиот регион.

Гости во дебатната емисија која се емитуваше на 6 декември, со почеток во 17 часот и 40 минути, беа Жаклина Лазаревска од Коалицијата предводена од СДСМ и Љупчо Нечкоски од Либералната Партија. Главните теми за дискусија беа проблемот со иселувањето на младите од Македонија и развојните индустриски зони кои се резултат на работата на владејачката партија ВМРО ДПМНЕ.

Во дебатата на 7 декември, со почеток во 17 часот и 40 минути, гостуваа Стојанче Ангелов од Коалицијата ВМРО за Македонија и Рубин Земун од Коалицијата предводена од СДСМ, а разговараа за изјавите на Никола Груевски поврзани со историската личност Ќосето и изјавите на лидерот на опозицијата Зоран Заев во врска со редефинирањето на државата.

На 8 декември, со почеток во 17 часот и 40 минути, во дебатата се дискутираше за состојбата на жените и родовата еднаквост во земјата, со посебен нагласок на родовата еднаквост во областа на економијата и земјоделството. Гости во оваа дебатна емисија беа Ирена Стефовска од Коалицијата предводена од СДСМ и Менка Јовановска од Коалицијата ВМРО за Македонија.

На денот пред изборниот молк, на 9 декември, со почеток во 17 часот и 40 минути, во дебатната емисија гостуваа Томислав Тунтев и Дејан Блажевски од Коалицијата предводена од СДСМ, а разговараа за атмосферата во последните денови од изборната кампања и за условите за фер и демократски парламентарни избори.

Во текот на изборната кампања, ТВ М емитуваше и 2 интервјуа.

На 27 ноември, со почеток во 17 часот и 5 минути, беше емитувано интервју со кандидатот за пратеник и носител на кандидатската листа од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Никола Попоски,

на тема: Федерализацијата и редефинирањето на Македонија од страна на СДСМ. Интервјуто е преземено од Радио Слободна Европа.

На 4 декември, со почеток во 16 часот и 50 минути, беше емитувано интервју со носителот на кандидатската листа во ИЕ 4 од Коалицијата предводена од СДСМ, Зоран Заев во кое се стави акцент на шпекулациите за федерализација и редефинирање на Македонија, како и на ветувањето за зголемување на минималната плата. Ова интервју, исто така, беше преземено од Радио Слободна Европа.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ ТЕТОВО

Емитува програма на македонски и на албански јазик, во регионот Д8-Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), на подрачјето на изборната единица бр.6.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 21 часот, но вестите траеја помалку од 10 минути и не се емитуваа секој ден. Оттаму, не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

*Посебни информативни емисии*

На 27 ноември со почеток во 21 часот и 30 минути се емитуваше информативната емисија „Настани на неделата" во која збирно се реприрзираа прилозите од вестите емитувани во текот на неделата.

Во текот на изборната кампања, телевизијата емитуваше само една дебатна емисија – „Отворено 24" преземена од ТВ 24 Вести, во која гости беа Татјана Лопарски (Елемент ПР), Петрит Сарачини (НВО Цивил), Никола Спасов (агенција „Рејтинг") и Владимир Божиновски (ИПИС). Темата беше - маркетингот и предизборната кампања на политичките партии и коалиции, учесници на Предвремените парламентарни избори. Емисијата се емитуваше на 26 ноември со почеток во 21 часот и 45 минути.

На 9 декември, се емитуваа четири интервјуа со учесници во изборната кампања, две со претставници на ДУИ, и по едно со претставници на Беса и на Коалицијата Алијанса за Албанците (УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП) во кои се разговараше за различни теми од нивните платформи и предизборни ветувања.

***Локални медуими***

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РТВ ОРБИС БИТОЛА ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Битола, Могила, Новаци и Ресен, на подрачјето на изборните единици бр. 4 и 5.

*Дневно-информативни емисии*

Согласно барањето од Методологијата, мониторингот за известувањето во дневно-информативните емисии беше направен врз петнаесет изданија на централниот информативен блок - Вести во 18 часот и 30 минути. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 3 часа 6 минути и 44 секунди.

Телевизијата главно известуваше за активностите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и на Коалицијата предводена од СДСМ. Ги покриваше нивните митинзи, средби со граѓани и емитуваше изјави на кандидатите за пратеници. Во помал обем известуваше за активностите на другите политички партии и коалиции (Левица, ВМРО за Македонија, ДУИ и ДПА), а информираше и за активностите на ДИК и граѓанските здруженија кои го следеа изборниот процес.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ БИТОЛА

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Битола, на подрачјето на изборната единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО 106 БИТОЛА ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Битола, на подрачјето на изборната единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИО-ДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО АКТУЕЛ БИТОЛА ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Битола, на подрачјето на изборната единица бр. 5.

*Посебни информативни емисии*

На 7 декември во 10 часот и 30 минути, емитувано е интервју со Љубе Бошковски, претставник од Коалицијата ВМРО за Македонија. Истиот ден во 14 часот и 7 минути, емитувано е интервју со Здравко Савевски, претставник на партијата Левица и носител на пратеничка листа во ИЕ5.

На 9 декември во 11 часот и 30 минути, емитувано е интервју со претседателот на ЛДП, една од партиите членови на Коалицијата предводена од СДСМ.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ - 21 ДООЕЛ ВЕЛЕС

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Велес, Чашка и Градско, на подрачјето на изборната единица бр.3.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 16 часот и 30 минути, но обемот на информации поврзани со изборната кампања беше под методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборите.

*Посебни информативни емисии*

На 24 ноември во 20 часот и 15 минути, емитувано е интервју со Весна Стојменовска, претставник на Коалицијата за промени и правда и носител на пратеничката листа во ИЕ3.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ ЗДРАВКИН АНГЕЛЧЕ ЗДРАВКИН, ДООЕЛ, ВЕЛЕС

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Велес, Чашка и Градско, на подрачјето на изборната единица бр.3.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 17 часот, но обемот на информации поврзани со изборната кампања беше под методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборите.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ГОЛДИ ДООЕЛ ВЕЛЕС

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Велес, на подрачјето на изборната единица бр. 3.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО МЕРАК 5 ФМ ЉУПЧО И ВЛАДИМИР ДОО ВЕЛЕС

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Велес, на подрачјето на изборната единица бр. 3.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ПРОТЕЛ ДООЕЛ ПРОБИШТИП

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Пробиштип и Кратово, на подрачјето на изборната единица бр. 3.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 20 часот и 30 минути, но обемот на информации поврзани со изборната кампања беше под методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборите.

**ДРУШТВО ЗА РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЕКО РАДИО ДООЕЛ ПРОБИШТИП**

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Пробиштип, на подрачјето на изборната единица бр. 3.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО МОДЕА ДООЕЛ СВЕТИ НИКОЛЕ**

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Свети Николе, на подрачјето на изборната единица бр. 3.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА СВЕТ ДОО, СВЕТИ НИКОЛЕ**

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Свети Николе и Лозово, на подрачјето на изборна единица бр.3.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО Т.В. КАЛТРИНА МАЗАР ТАТЕШИ, СТРУГА ДООЕЛ**

Емитува програма на албански и на македонски јазик, на територија на општините Струга и Вевчани, на подрачјето на изборната единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ ГУРРА ДООЕЛ КИЧЕВО**

Емитува програма на албански и на македонски јазик, на територија на општините Кичево, Пласница и Македонски Брод, на подрачјето на изборните единици бр. 1 и бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА МЕДИА ДООЕЛ КИЧЕВО

Емитува програма на албански и на македонски јазик, на територија на општините Кичево, Пласница и Македонски Брод, на подрачјето на изборните единици бр. 1 и бр. 5.

*Посебни информативни емисии*

На 9 декември 2016 година, телевизијата емитуваше три интервјуа со учесници во изборната кампања, две со претставници на ДУИ и едно со претставник на Беса, на кои се разговараше за нивните политички платформи и предизборни ветувања.

## ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА РАДИОДИФУЗИЈА РАДИО УСКАНА-ПЛУС УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ КИЧЕВО

Емитува програма на албански јазик, на територија на Општина Кичево, на подрачјето на изборна единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО АКОРД ДООЕЛ, КИЧЕВО

Емитува програма на македонски јазик, во општина Кичево, на подрачјето на изборна единица бр.5.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 18 часот, но обемот на информации поврзани со изборната кампања беше под методолошкиот минимум за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборите.

*Посебни информативни емисии*

Во текот на изборната кампања, се емитуваше едно интервју. На 8 декември, со почеток во 16 часот и 10 минути, емитувано е интервју со Љубе Бошковски од Коалицијата ВМРО за Македонија, во кое се разговараше за политичката ситуација во земјата и за претстојните Предвремени парламентарни избори.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ ИЛИЈА ТАНЕВСКИ КИЧЕВО ДООЕЛ, КИЧЕВО

Емитува програма на македонски јазик, во општина Кичево, на подрачјето на изборна единица бр.5.

Радио Александар Македонски не ја покриваше кампањата со ниту еден облик на изборно медиумско претставување.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО МУЗИЧКО РАДИО КМР ДООЕЛ КУМАНОВО**

Емитува програма на македонски и на српски јазик на територија на Општина Куманово, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ ХАНА, МЕВЉАН ДООЕЛ КУМАНОВО**

Емитува програма на албански јазик, на територија на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИО-ДИФУЗНО ДРУШТВО АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – КУМАНОВО**

Емитува програма на албански јазик, на територија на Општина Куманово, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ КУМАНОВО**

Емитува програма на албански јазик, на територија на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО БРАВО ДООЕЛ КУМАНОВО**

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Куманово, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

**ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО КУМАНОВО**

Емитува програма на македонски и на српски јазик, на територија на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 18 часот, но не се емитуваше секој ден и во вкупниот мониториран период прилозите поврзани со изборната кампања траеја помалку од 2 часа. Оттаму, не беше

достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ С.МАТЕЈЧЕ ЛИПКОВО

Емитува програма на албански јазик, на територија на Општина Липково, на подрачјето на изборна единица бр. 2.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ЈОВАН ТРПЕСКИ ТВ МОРИС ДООЕЛ ОХРИД

Емитува програма на македонски јазик, на територија на општините Охрид и Дебарца, на подрачјето на изборна единица бр. 5.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 18 часот, но не се емитуваше секој ден и во вкупниот мониториран период прилозите поврзани со изборната кампања траеја помалку од 2 часа. Оттаму, не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ИВАНЧО ПАШОСКИ РАДИО ЛАВ ДООЕЛ ОХРИД

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Охрид, на подрачјето на изборна единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ЗОРАН ЗДРАВКОВИЌ МХ - РАДИО ОХРИД ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Охрид, на подрачјето на изборна единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА РАДИО-ДИФУЗИЈА МИТАНОСКИ ВЕЛЕ СУПЕР РАДИО ОХРИД ДООЕЛ

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Охрид, на подрачјето на изборна единица бр. 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ С.ЛАЖАНИ, ДОЛНЕНИ

Емитува програма на македонски и на бошњачки јазик, на територија на општините Долнени, Прилеп и Кривогаштани, на подрачјето на изборните единици бр. 4 и 5.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ ПРИЛЕП

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Прилеп, на подрачјето на изборната единица бр. 4.

Радиодифузерот не ја покриваше изборната кампања.

## РАДИО ДИФУЗНО ТРГОВСКО ДРУШТВО МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ ПРИЛЕП

Емитува програма на македонски јазик, на територија на Општина Прилеп, на подрачјето на изборна единица бр. 4.

*Дневно-информативни емисии*

Централниот информативен блок беше во 18 часот, но не се емитуваше секој ден и во вкупниот мониториран период прилозите поврзани со изборната кампања траеја помалку од 2 часа. Оттаму, не беше достигнат минималниот методолошки примерок за извлекување оценки за начинот на известување за време на изборната кампања.

## ТРГОВСКО РАДИОДИФУЗНО ДРУШТВО ХОЛИДЕЈ ПРИЛЕП ДООЕЛ

